# Паркирање

## Прописи за паркирање

Има прописи во врска со тоа каде можете да ја сопрете или паркирате вашата кола во Банјул, кои мора да ги почитувате. Ако не ги почитувате тие прописи може да бидете парично казнети.

Некои од општите прописи се:

## Ограничувања на времето за паркирање

Знаците за паркирање ви кажуваат колку долго можете да ја паркирате вашата кола во одредено подрачје. Не смеете да ја оставите вашата кола паркирана подолго од времето што е прикажано на знакот.

## Паркирање на тревните ленти покрај улиците

Тоа се површините засадени со трева долж улиците. Не смеете да ја паркирате вашата кола на тревните ленти.

## Знаци за забрането сопирање

Кога има знак за забрането сопирање 'No Stopping', не смеете да ја сопрете вашата кола поради никаква причина, дури и ако останете во колата или ако го оставите моторот да работи.

## Товарни зони

Товарните зони (Loading Zones) ги користат трговските возила за да растовараат или товараат стоки во склоп на нивната работа. Не смеете да ја паркирате вашата кола во товарна зона освен ако ви била издадена дозвола за тоа од VicRoads.

## Паркинг за онеспособени лица

Паркинг местата за онеспособени луѓе се означени со знак на кој е прикажана инвалидска количка. Тие паркинг места може да ги користат само онеспособени луѓе што имаат дозвола што се вика дозвола од прва категорија (Category 1 Permit). Дозволите за паркирање за онеспособени лица се бесплатни. Ако сте онеспособени и ви треба дозвола, јавете се во Општината.

# Паркирање

## Противпожарни водни пумпи

Противпожарните водни пумпи ги има ширум целиот Банјул за да се овозможи брз пристап до вода при гаснењето пожари. Противпожарните водни пумпи обично се поставени на тревните ленти покрај улиците и по боја може да бидат сребрени со црвен врв, или само рамни округли црни капаци на почвата. Не смеете да паркирате на растојание помало од еден метар од противпожарната водна пумпа.

## Попречно паркирање на приоди за коли или на пешачки патеки

Не смеете да ја паркирате вашата кола попречно на било кој дел од приодот за коли или на приодот за минувачи. Исто така е прекршок ако паркирате возило на било кој дел од пешачката патека.

## Продавање кола

Не смеете да ја паркирате вашата кола на улица, на тревните ленти покрај улиците, ниту на било кое друго јавно место за да ја рекламирате за продажба. Ако го сторите тоа, може да бидете парично казнети.

## Поправка на коли

Не смеете да поправате коли на улица, на тревните ленти покрај улиците или на други јавни места, зашто може да бидете парично казнети.

## Нерегистрирани коли

Колите што се расипани или што не се регистрирани во VicRoads не смее да се оставаат или да се паркираат на улицата ниту на било кое друго јавно место. Општината може да ја однесе вашата кола и ќе треба да платите за да ви ја вратат, а може да бидете и парично казнети.

Ако сакате повеќе информации а ви треба помош од преведувач, ве молиме јавете се во Телефонската преведувачка служба TIS National на 131 450 и побарајте да ве поврзат со општина Банјул на 9490 4222.

Инаку може да се јавите во општина Банјул ако се јавите кај нашиот Тим за услуги на клиентите на 9490 4222, ако посетите некој од нашите Услужни центри во Ајванхо или во Розана, или ако ни испратите електронско писмо на enquiries@banyule.vic.gov.au



Banyule CITY COUNCIL